Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

## УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

**Член 1**

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 76/20), во член 1 во ставот 2 зборовите „како и “ се заменуваат со зборовите „условите за упис на високообразовните установи во Република Северна Македонија во академската 2020/2021 година на прв цилус на академски и стручни студии, како и на академски студии од областа на уметностите во однос на положена државна или меѓународна матура и завршено средно образование“, а по зборовите „реакредитации на студиските програми“ се додаваат зборовите „и решенијата за почеток со работа на студиските програми, како и за продолжување на роковите за донесување на актите кои се во надлежност на Агенцијата за квалитет во високото образование.“

**Член 2**

Членот 4 се менува и гласи:

„Роковите за важење на акредитацијата, односно реакредитацијата на постојните студиските програми на сите три циклуси на високото образование, вклучувајќи ги и решенијата за почеток со работа за овие студиски програми, чија важност престанала во академската 2019/2020 година, продолжуваат да важат најмногу до крајот на академската 2020/2021 година.

Роковите за донесување на решение за акредитација, односно решение за почеток со работа за нова студиска програма, односно високообразовна установа, се продолжуваат за три месеци по престанување на траењето на вонредната состојба.“

**Член 3**

По членот 4 се додаваат два нови члена 4-а и 4-б кои гласат:

„Член 4-а

Роковите за донесување на актите, предвидени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а кои се во надлежност на донесување од страна на Агенцијата за квалитет во високото образование, односно органите на Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование и Одборот за

евалуација на високото образование, се продолжуваат најмногу за три месеци по престанување на траење на вонредната состојба.

Член 4-б

Во академската 2020/2021 година на прв циклус академски и стручни студии, како и на академски студии од областа на уметностите, може да се запише и лице кое се стекнало со диплома за завршено средно образование во траење од четири години во учебната 2019/2020 година, согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба."

**Член 4**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр.44-3701/1**
**5 мај 2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**